ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации на подрачјето на Општина Битола во 2018 Бр. 08-1083/15 од 28.12.2017 година, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

За организирање на **ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА** за ЛУПД за изградба на комплекс со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 18052/1, КП Бр.18053 и КП Бр.18054 - Општина Битола

Јавната Презентација за Локална урбанистичко-планска документација за изградба на комплекс со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 18052/1, КП Бр. 18053 и КП Бр. 18054 – Општина Битола, ќе се одржи на ден 24.07.2020 г. (петок) во 11.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на ЛУПД за изградба на комплекс со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 18052/1, КП Бр. 18053 и КП Бр. 18054 – Општина Битола е дефинирана со границите на катастарските парцели 18052/1, 18053 и 18054 и има површина од 1,8 ха.

Графичкиот прилог од ЛУПД за изградба на комплекс со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 18052/1, КП Бр. 18053 и КП Бр. 18054 – Општина Битола ќе биде изложен во информацискиот систем е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 24.07.2020 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната Анкета за ЛУПД за изградба на комплекс со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 18052/1, КП Бр. 18053 и КП Бр. 18054 – Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 24.07.2020 год. заклучно со 31.07.2020 год.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предметната ЛУПД, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на ЛУПД да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-565/3
17.07.2020 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**

**м-р. Наташа Петровска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk